РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Примено: 01.09.2026
Орг. ед.: 1308 | Број: 1386/6 | Прилог: | Вредност: /

**КОМЕНТАРИ ОД ОПЕРАТОРИ И ОДГОВОР НА КОМЕНТАРИТЕ**
**ПО ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ОПФАТЕНИ СО УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА**

| Подносител на коментар | Коментар: | Одговор: |
|---|---|---|
| **А1 Македонија Скопје** | Имајќи предвид дека за внимателна проверка на предлогот неопходно е посветување на должно внимание од повеќе оддели со конкретни стручни капацитети, како и исклучително големиот волумен на прописи кои АЕК ги подготви во тековниот период, не сме во можност да вложиме соодветни коментари по предлозите во предвидениот рок за јавна расправа.<br><br>Ве молиме да се продолжи рокот за јавна расправа на најмалку 30 дена од објавувањето. Сметаме дека во интерес на квалитетна јавна расправа не би требало да се наведуваат кратки рокови доставување на мислења и коментари. Имајќи предвид дека согласно ЗЕК предвидено е дека операторите имаат рок за усогласување на своето работење од 18 месеци од стапувањето на сила на ЗЕК, а Агенцијата има рок од 10 месеци по стапувањето на сила на измените од 31/12/2025, сметаме дека не би требало да биде проблем пролонгирањето на иницијално предвидениот рок. | Агенцијата за електронски комуникации водејќи сметка за сите рокови кои произлегуваат од Законот за електронски комуникации а особено роковите за спроведување на постапката за избор на давател/и на универзална услуга, процени дека рокот од 15 дена е доволен за доставување на мислења и коментари од страна на заинтересирани страни. |
| Р3 ИНФОМЕДИЈА | **Коментар 1: Определување на давател на универзална услуга**<br><br>**Предлог:** Во Предлог-правилникот, на соодветните места, поимот „оператор на универзална услуга" да се замени со „давател на универзална услуга". | Коментарите се прифаќаат и исите се имплементирани во Правилникот. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Образложение:**<br><br>Сметаме дека терминологијата употребена во Предлог-правилникот треба да биде усогласена со терминологијата и дефинициите утврдени во Законот за електронските комуникации (ЗЕК).<br><br>Имено, согласно дефинициите од ЗЕК:<br><br>• „**Оператор**" е правно лице кое обезбедува или има намера да обезбедува јавна електронска комуникациска мрежа и/или услуги, како и придружни објекти, врз основа на доставена нотификација и добиена потврда за регистрација од Агенцијата за електронски комуникации;<br>• „**Давател на универзална услуга**" е правно лице кое обезбедува универзална услуга.<br><br>Оттука, поимите „оператор" и „давател на универзална услуга" не се синоними и имаат различно значење и опфат согласно ЗЕК.<br><br>Ова особено е значајно во делот **3.2 „Услуги за информации и јавен именик"**, каде што употребата на терминот „оператор на универзална услуга" може да има дискриминаторски ефект врз правните субјекти кои обезбедуваат, односно можат да бидат определени да обезбедуваат услуги за информации и јавен именик, но не се и не можат да бидат оператори во смисла на дефиницијата од ЗЕК.<br><br>Поради наведеното, предлагаме терминологијата во Предлог-правилникот да се усогласи со ЗЕК и да се користи терминот **„давател на универзална услуга"**, со што ќе се обезбеди јасност, правна прецизност и недискриминаторски пристап при | |

| | | |
|---|---|---|
| | определувањето на субјектите кои можат да ја обезбедуваат предметната услуга.<br><br>**Конкретно, ги предлагаме следните измени:**<br><br>1. **Член 14, став (1)**<br>Наместо: „Оператор на универзална услуга за услуги за информации и јавен именик"<br>Да стои: **„Давател на универзална услуга за услуги за информации и јавен именик"**.<br>2. **Член 15, ставови (2), (3) и (7)**<br>Наместо: „Оператор на универзална услуга за услуги за информации и јавен именик"<br>Да стои: **„Давател на универзална услуга за услуги за информации и јавен именик"**.<br>3. **Член 17, став (1)**<br>Наместо: „Оператор на универзална услуга за услуги за информации и јавен именик"<br>Да стои: **„Давател на универзална услуга за услуги за информации и јавен именик"**. | |
| Македонски Телеком | Почитувани,<br><br>Агенцијата за електронски комуникации на 29.07.2026 година објави јавна расправа Предлог - Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга (понатаму: Правилник). Во продолжение се коментарите на Македонски Телеком на дел од одредбите од Правилникот кои цениме дека се од особено значење за зачувување на концептот на Оператор на универзална услуга | Агенцијата за електронски комуникаци (во понатамошниот текст АЕК) се заблагодарува за доставените коментари од страна на операторот Македонски Телеком А.Д Скопје на предлог – Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга (во понатамошниот текст предлог-Правилник) и во продолжение на овој текст го искажува својот ставот по однос на истите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Во член 4** - Универзална услуга по прифатлива цена, алинеја 2 сметаме дека треба да се избрише бидејќи е нејасно што конкретно е обврската која ја има операторот на универзална услуга, и покрај тоа што вака нејасната одредба се содржи и во Законот за електронски комуникации, член 104 став 2.<br><br>~~Агенцијата може да наметне обврска за прифатливи цени и за услугите од ставот (1) на овој член, кои не се обезбедуваат на фиксна локација, а заради целосна социјална и економска вклученост на потрошувачите.~~ | Првиот коментар кој што се однесува на **членот 4** од предлог – Правилникот во кој е наведено дека истиот член не дава јасна обврска за определниот оператор на универзална услуга се прифаќа. Во согласност со истото овој член од Финалниот текст на Правилникот ќе биде избришан. |
| | **Во член 6** од Правилникот во дефиницијата (4) "Претплатничка линија", терминот "претплатник" треба да се замени со "краен корисник" бидејќи во Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/2025 и 269/2025) терминот претплатник не постои.<br>Следствено дефиницијата би гласела:<br>*(4) Линија на Краен корисник е врска помеѓу мрежната завршна точка на страната на претплатникот и мрежната завршна точка на локацијата на пристапната јамка на која операторот на универзалната услуга има поставено активна пристапна опрема;*<br>Дополнително, во сите членови од Правилникот терминот "претплатник" треба да се замени со "Краен корисник". | Коментарот кој што се однесува на употребата на терминот претплатник во **членот 6** од предлог – Правилникот како и во целиот текст на предлог -Правилникот исто така се прифаќа. Во согласност со истото во целиот текст на Финалниот Правилник терминот претплатник ќе биде заменет со термините корисник и краен корисник во зависност од употребата во различните членови |
| | **Во член 7** се наведени критериумите за определување на оператор на универзална услуга. Бидејќи измените кои ги предлагате се вовед во претстојната тендерска постапка за избор на нов оператор на универзална услуга за периодот 2027-2029 | Коментарот кој што се однесува на **членот 7** од предлог - Правилникот односно на критериумите за определување на оператор на универзална услуга не се прифаќа. |

| | | |
|---|---|---|
| | година, би сакале во оваа прилика да се осврнеме и на критеруимите за избор на оператор на универзална услуга. Имено, условите за квалификација и избор на оператор/и на универзална услуга не се дефинирани ниту во закон ниту во подзаконски акт, туку се дефинираат директно во Намерата за објава на тендер за универзална услуга. Во тендерската постапка за избор на оператор на универзална услуга –во 2021 година најзначаен критериум беше износот што ќе го побара потенцијалниот оператор од фондот за универзална услуга, без притоа да бидат дефинирани критериуми за техничко - технолошки бонитет на операторите односно моменталната подготвеноста на кандидатите да ги овозможат услугите кои се предмет на универзалната услуга. Според нас овие критериуми се клучни за избор и ја дефинираат подготвеноста на операторот за ја обезбеди предметната услуга. Од друга страна ова ќе значи и помали побарувања од фондот за универзална услуга доколку потенцијалниот оператор на универзална услуга во моментот на тендерската постапка е со соодветна подготвеност.<br>**Покрај условот за најмал износ на побарување од фондот, предлагаме следните критериуми да бидат услов за избор на давател на универзална услуга**:<br>✓ Моментален број на крајни корисници на услуги на фиксна локација по региони<br>✓ Вкупен број на приклучоци на бакарна мрежа, FTTH или друга технологија и планови за надградба<br>✓ Доказ за присуство на мрежа на целата територија на земјата<br>✓ Услугите од универзална услуга да се обезбедуваат преку дедициран медиум кој ќе обезбеди услуга со постојан квалитет. (Ако се користат мобилна технологија треба да се обезбеди дедициран капацитет за универзалната услуга. Download брзините преку мобилна технологија зависат од pick hour што нема да обезбеди континуиран | АЕК се согласува со фактот дека критериумите за квалификација и избор на оператор подетално се дефинирани во намерата за објава на тендер за определување на оператор за универзална услуга но останува на став дека пропишаните два критериуми се доволни и најбитни за избор на оператор за универзална услуга.<br>Иако во текстот на вашиот коментар давате предлози за вклучување на дополнителни критериуми како услов за избор на оператор за универзална услуга АЕК смета дека податоците за повеќето од предлозите веќе ги поседува и обработува во согласност со член 67 од Законот за електронски комуникации (во понатамошниот текст ЗЕК). Како што е наведено во член 6 став 1 од предлог-Правилникот и член 111 став 2 од ЗЕК, АЕК во постапката на избор на оператор на универзална услуга ги има во предвид резултатите од географското истражување спроведено во согласност со член 67 од ЗЕК.<br>Во член 67 од ЗЕК пак е наведено дека географскиот преглед кој што АЕК е должна да го спроведува и ажурира на секои три години содржи преглед на географската достапност на постоечките широкопојасни мрежи на територијата на Република Северна Македонија, планираното покривање со широкопојасни мрежи во наредните три години, определување на области каде што нема никаква покриеност со широкопојасни мрежи, податоци за параметрите на квалитет на услугите нивната расчленетост по подрачја и тн.<br>Од причина што во член 111 став 10 од ЗЕК е наведено дека при определувањето на оператор на универзална услуга, АЕК мора да ги примени принципите на објективност, транспарентност, ефикасност и недискриминација при што ниту едно правно или физичко лице кое врши дејност нема однапред да биде иземено од постапката за избор на оператор на универзална услуга АЕК смета дека |

| | | |
|---|---|---|
| | квалитет.)<br>✓ Интернет капацитети, нивна моментална искористеност и планови за надградба<br>✓ Расположлива опрема и други капацитети потребни за овозможување на услугата<br>✓ Искуство и квалификации (стручен кадар, менаџерски кадар..)<br><br>Позитивни финансиски извештаи во последните три години<br><br>Цениме дека погорниот предлог треба да се земе сериозно во предвид од причини што:<br>- Избор на оператор кој ќе побара најмал поврат или воопшто нема да побара поврат на средства од фондот би можело да значи да нема никаква инвестиција во следните 3 години како што беше случајот во изминатите 5 години. Државата треба да се грижи за покривање на значајни локации и области со универзалните услуга,<br>- Обезбедувањето на универзална услуга во национални паркови, понедостапни терени или патишта и слично е особено важно и за Центрите за спасување кои во вонредни услови и во услови на виша сила треба да имаат пристап универзални услуги и ова особено преку фиксна инфраструктура која не толку подложна на надворешни влијанија како мобилната инфраструктура. | предложените дополнителни критериуми за кои што веќе поседува податоци не би можело да се сметаат за релеватни при избор на оператор на универзална услуга.<br>Понатаму, АЕК смета дека некои од предложените критериуми не се јасно мерливи што би претставувало дополнителен проблем при бодувањето на истите во финалниот избор.<br>Од сето погоренаведено АЕК не го прифаќа коментарот кој што се однесува на членот 7 од предлог – Правилникот |
| | Брзината на пренос на податоци од ставот (1) на овој член, операторот на универзална услуга треба да ја обезбеди во моментот на склучување на договорот за универзална услуга. ~~рок од една година од денот на склучување на договорот од членот 111 на Законот за електронските комуникации.~~<br><br>Во член 11 став 2 се предвидува брзината на пренос на податоци, | Последниот коментар кој што се однесува на член 11 став 2 од предлог – Правилникот и во кој што се зборува за временскиот рок за обезбедување на услугата за пренос на податоци не се прифаќа.<br><br>Во вашиот коментар е даден предлог временскиот рок од една година за обезбедување на потребната брзина на |

| | | |
|---|---|---|
| | операторот на универзална услуга треба да ја обезбеди во рок од една година од денот на склучување на договорот, бидејќи доколку некој операторот е избран за оператор на универзална услуга секако треба веднаш да биде подготвен да ја овозможи брзината од 30 Mbps бидејќи ќе ја има потребната инфраструктура и интернет капацитети.<br><br>Со почит,<br><br>Слободанка Гиевска<br>Лидер за регулативни и големопродажни прашања | услугата за пренос на податоци да се избрише со што определниот оператор после потпишувањето на договорот за избор на оператор за универзална услуга би требало веднаш да ја обезбеди утврдената брзина на услугата од 30 Mb/s за дојдовна насока (dawnlink). Од причина што од податоците со кои што располага АЕК а ги доставуваат операторите на квартална основа може да се дојде до заклучок дека ниту еден оператор нема 100 процентна покриеност со брзина од 30Mb/s на целата територија на Република Северна Македонија АЕК смета дека утврдениот рок од една година за обезбедување на услугата е разумен период кој што би можел да се даде на операторот на универзална услуга. Иако во член 118 став 1 од ЗЕК е наведено дека избраниот оператор на универзална услуга би требало да ја обезбеди пропишаната брзина за услугата пренос на податоци во рок не подолг од две години АЕК смета дека една година е доволно време за обезбедување на истата |

Работна група:
Кристина Божиновска
Александар Коцевски
Маргарита Чупаркоска

Одобрил:
Nusret Haliti

Наш број: 0101-1386/4
Скопје година